**С Т О П А Н С К А   Б А Н К А   А Д - С К О П Ј Е**

# О Д Л У К А

за распределба на Добивката на
Стопанска банка АД - Скопје за 2016 година

Скопје, Мај 2017 година

Врз основа на член 26 од Статутот на Стопанска банка АД - Скопје (С.О. бр. 339/15.12.2016 година, пречистен текст), Собранието на акционери на Стопанска Банка АД – Скопје, на седницата одржана на ___.05.2017 година, донесе

**О Д Л У К А**

за распределба на Добивката
на Стопанска банка АД - Скопје за 2016 година

1. Стопанска банка АД - Скопје (СБ), во согласност со Одлуката за усвојување на Годишната сметка и Финансиските извештаи на СБ за 2016 година, оствари добивка во износ од 2.239.791.560,00 денари.

2. Износот наведен во точка 1 од оваа Одлука вклучува износ од 2.501.884,00 денари распределен за плаќање на дивиденда на имателите на приоритетни акции.

3. Износот од 2.217.442.860,00 денари се распределува за исплата на дивиденда на имателите на обични акции.

4. Износот од 22.348.700,00 денари се распределува во акумулирана добивка.

5. Оваа Одлука влегува во сила на денот на донесувањето.

С.О. Бр.
__.30.2017 година
С к о п ј е

**СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**

**Претседавач,**

**С Т О П А Н С К А   Б А Н К А   А Д  -  С К О П Ј Е**

# П Р Е Д Л О Г

за утврдување Предлог-Одлука за распределба на Добивката на
Стопанска банка АД - Скопје за 2016 година

Скопје, април 2017 година

Врз основа на член 40 од Статутот на Стопанска банка АД - Скопје (С.О. бр. 339/15.12.2016 година, пречистен текст) Надзорниот одбор на Стопанска банка АД – Скопје, на седницата одржана на __.05.2017 година, донесе

**О Д Л У К А**

за утврдување Предлог-Одлука за распределба на Добивката на
Стопанска банка АД - Скопје за 2016 година

1. Предлогот за распределба на добивката на Стопанска банка АД – Скопје за 2016 година се утврдува како што следи:

- Стопанска банка АД - Скопје (СБ), согласно Одлуката за усвојување на Годишната сметка и Финансиските извештаи на СБ за 2016 година, оствари добивка во износ од 2.239.791.560,00 денари;
- Износот од алинеја 1 од точка 1 од оваа Одлука го вклучува износот од 2.501.884,00 денари издвоен за исплата на дивиденда на имателите на приоритетни акции;
- Износот од 2.217.442.860,00 денари се распределува за исплата на дивиденда на имателите на обични акции;
- Износот од 22.348.700,00 денари се распределува во акумулирана добивка.

2. Предлогот од точка 1 од оваа Одлука ќе биде доставен за одобрување до Собранието на акционери на СБ.

3. Предлог–Одлуката за распределба на Добивката на Стопанска банка АД - Скопје за 2016 година е составен дел на оваа Одлука.

4. Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

Н.О. бр. _________ **НАДЗОРЕН ОДБОР** 28.04.2017
година
С к о п ј е **Претседател,**
Маринис Стратопулос

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Стопанска банка АД - Скопје (СБ), како што е утврдено во Билансот на успех за 2016 година, што е составен дел на Годишната сметка и Финансиските извештаи за 2016 година, оствари добивка во износ од 2.239.791.560,00 денари. Во наведениот износ е вклучен и износ од 2.501.884,00 денари, распределен за плаќање на дивиденда на имателите на приоритетни акции.

Во согласност со Законот за банки и Статутот на СБ, добивката се распределува со Одлука на Собранието на акционери, на предлог на Надзорниот одбор. Согласно со наведеното, се предлага добивката остварена во 2016 година да се распредели како што следи: износ од 2.217.442.860,00 денари се распределува за исплата на дивиденда на имателите на обични акции во согласност со одредбите наведени во член 483 став 2 точка 5 од Законот за трговски друштва, а износот од 22.348.700,00 денари се распределува во акумулирана добивка.

Со оглед на горенаведеното, се предлага Собранието на акционери на СБ да ја донесе приложената Одлука.

Скопје, април 2017 година
Управен одбор